# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 13.12.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 21 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/2
13.12.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 33 од Законот за буџетите (,,Службен весник на РМ''бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 ,171/12, 192/15 и 167/16 и ,,Службен весник на РСМ,,бр. 151/21 ), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 година донесе :

## ОДЛУКА
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425970 Консултантски услуги | 0 | 0 | 36,500 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 Основни плати-др.вработени | 0 | 0 | -25,000 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -11,500 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1113/3
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Годишна програма за социјална заштита на општина Кривогаштни за 2024 година**

1. Се прогласува Годишната програма за социјална заштита на општина Кривогаштни за 2024 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Годишната програма за социјална заштита на општина Кривогаштни за 2024 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/3
13.12.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на Член 11 став 1 алинеа 7 и Член 142 став 5 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на РСМ” 104/19; 146/19; 275/19; 302/20; 311/20; 163/21; 294/21; 99/22 и 236/22) член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2024 година донесе:

**Годишна програма за социјална заштита на општина Кривогаштни за 2024 година**

## 1.Вовед

Социјалната заштита претставува систем на политки, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните.Со програмата за социјална заштита општина Кривогаштани се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневниот живот.Програмата е сеопфатен систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани, особено на најсиромашните и социо исклучените.

Програмата има за цел да се реализираат повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита, да придонесе унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните на општина Кривогаштани.Таа е социјална инвестиција која ќе произведе позитивни трендови што ќе бидат препознатливи за луѓето во општината а најмногу корисна за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид.

Општина Кривогаштани се обрвзува да ги земе предвид реалните услови за живот и потребите на граѓаните за да им излезе во пресрет на нивните барања во согласност со законските обврски.Во можноста на границите и условите општината со своиоте капацитети и расположливи ресурси ќе се потруди за целосна реализација на програмата за успешни спроведени активности кои ќе произлезат од конктретните цели.Во изработка на програмата како главни актери се јавуваат вработени во одделението за правни, општи работи и јавни дејности во општина Кривогаштани, Советот за социјална заштита на

општина Кривогаштани, комисијата за опшествени дејности од Советот на општина Кривогаштани.

## 2.Визија на годишната програма

Социјалната заштита се однесува на мерките и системите што ги поставува Владата и општините за да обезбедат поддршка и сигурност на поединци и семејства кои се соочуваат со различни предизвици, како што се сиромаштија, невработеност, болест, инвалидитет, старост и други, како и намалување и јакнење на капацитетот за сопствена заштита, односно да се подобри и зголеми човечката добросостојба и квалитетот на животот за сите луѓе. Основа или главна цел на програмата за социјална заштита е да обезбеди сите граѓани да имаат пристап до минимален животен стандард и да ја поддржи нивната финансиска и социјална независност, да им помогне на луѓето во надминување на социјалните ризици на кои се изложени и воедно да ја зајакне мрежата на услуги заедно со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните.

Социјалната политика на општина Кривогаштани е насочена кон надминување на животните ризици, изедначување на животните шанси. Активностите исто така можат да помогнат во справувањето со влијанијата од шокови и кризи, како што се природни катастрофи, економски падови и пандемии. Со обезбедување на безбедносна мрежа за оние на кои им е потребна, социјална заштита може да помогне да се намали ризикот од замки на сиромаштија, да се промовира развојот на човечкиот капитал и да се поддржи инклузивниот раст. Постојат различни форми на социјална заштита, вклучувајќи готовински парични трансфери, услуги и социјални услуги регулирани со соодветни законски регулативи.

Суштината на спроведувањто на мерките за социјалната политика е остварување на социјалните права на граѓаните и учество во сите материјални и социјални достигнувања на општеството со акцент на помагање на социјално исклучени граѓани.

## 3.Конкретни цели и активности

### 3.1 Конкретна цел: Еднократна парична помош

**Активност 1.** Еднократна парична помош на физички лица погодени од природни катастрофи

Носител: Општина Кривогаштани-обезбедува средства на физички лица погодени од природни катастрофи

Рокови: Тековно 2024 година

Финасисрање: Општина Кривогаштани 60 000,00 денари.

**Активност 2**. Еднократна парична помош на родител за новороденче
Носител: Општина Кривогаштани-обезбедува финасиски средства на родител на новороденче

Рокови: Тековно 2024 година
Финасирање: Општина Кривогаштани 100 000,00 денари

**Активност 3**. Доделување хуманитарни предновогодишни прехранбени пакети на социјално загрозени семејства
Носители: Општина Кривогаштани-обезбедува финасиски средства и технича помош
Граѓански организации-обезбедуваат техничка помош и финасиски средства
Рокови: Тековно 2024 година
Финасирање: Општина Кривогаштани 20 000,00 денари

**3.2 Конкретна цел: Социјални услуги со поддршка на програмата за општинско корисна Работа**

**Активност 4**. Помош и нега во домот на стари изнемоштени лица, обучени лица-олеснувачи за Социјална заштита, социјални услуги во градинка преку програмата за Општинско корисна работа
Носители: Општина Кривогаштани-обезбедува финасиски средства со вредност од 20% од месечниот надоместок по лице
Рокови: Јануари-Март и Јули-Декември
Финасирање: Општина Кривогаштани 180 000,00 денари

**3.3Конкретна цел: Помош за невработени социјално исклучени лица- јавни работи**
**Активност 5.** Помош за работно ангажирање на невработени лица со ниски квалификации преку програмата Јавни работи.
Носители: Општина Кривогаштани-обезбедува финансиски средства со вредност од 20% од месечниот надоместок по лице
Рокови: Јули-Септември
Финасирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

**Активност 6.** Помош и нега во домот на стари изнемоштени лица

Носители: Општина Кривогаштани- Обезбедува услови за непречено реализирање на услуги помош и нега во домот на стари лица и финасиски средства.
МТСП-Обезбедува финасиски средства
Граѓанска организација-обезбедува спроведување на проектот
Рокови: Тековно 2024
Финасирање: Општина Кривогаштани 30 000.00 денари

## 4.Буџет

| | | |
|---|---|---|
| Буџет по активности | | |
| Активност 1 | 60 000,00 ден. | |
| Активност 2 | 100 000,00 ден. | |
| Активност 3 | 20 000,00 ден. | |
| Активност 4 | 180 000,00 ден | |
| Активност 5 | 10 000,00 ден. | |
| Активност 6 | 30 000,00 ден. | |
| Вкупно општински Буџет: | 400 000,00 ден. | |

## 5.Мониторинг и еваулација

Градоначалникот на општина Кривогаштани го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и активности. За успешна реализација на програмата и еваулација покрај Градоначалникот главна улога има и Комисијата за општествени дејности од Советот на Општина Кривогаштани кои заедно ќе придонесуваат за постигнување на утврдените цели кои ќе ги искористат граѓаните на Општина Кривогаштани.

Бр.08-1113/4
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2024 година**

1. Се прогласува Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2024 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2024 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/4 — Градоначалник на
13.12.2023 година — општина Кривогаштани
Кривогаштани — Николче Мискоски

ПРИЛОГ: Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Годишна програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистички проекти на територијата на општина Кривогаштани за 2024 година**

1. Се прогласува Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистички проекти на територијата на општина Кривогаштани за 2024 година, што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистички проекти на територијата на Општина Кривогаштани за 2024 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/5 Градоначалник на
13.12.2023 година општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 22 ст.1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Службен весник на РСМ” бр.5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20) и чл.15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Сл.гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 година, донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистички проекти на територијата на Општина Кривогаштани за 2024 година**

**1.Вовед**

Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2024 година, претставува основа за изработка и донесување на Урбанистички планови за села на територијата на општината, Урбанистички планови вон населени места и Урбанистички проекти на територијата на општина Кривогаштани.

Истата претставува основа за уредување на градежното земјиште на територијата на општината и еден од условите при донесување на планската документација од Министерството за транспорт и врски Скопје, за добивање на согласност.

**2.Планирани активности**

1.Урбанистичко планирање

**<u>2.1 Урбанистички планови за села</u>**

| Р.БР. | ОПФАТ | |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | УП за с.Славеј, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, согласно закон и посебните правилници, П~33ха. (се пренесува од 2023 г.) | Финансирано од страна на подносител на барање |
| 2 | Измена на УП за с.Обршани, општина Кривогаштани, согласно закон и посебните правилници, П~2ха. (се пренесува од 2023 г.) | Финансирање од страна на општината |

**2.2.Урбанистички план вон населено место**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистички план вон населено место на КП бр.848, КП бр.849, КП 850 и дел од КП бр.1 КО Годивле Општина Кривогаштани (финансирање од страна на подносител на барање, Никола Илиевски Благо Целев 12 од Крушево). (се пренесува од 2023 г.) | Финансирано од страна на подносител на барање |
| 2 | Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 КО Врбјани, донесен со Одлука бр.07-1173/3 од 21.08.2014 год. од страна на Советот на Општина Кривогаштани, со плански период 2013-2023 година.(се пренесува од 2023 г.) | Финансирање од страна на подносител на барање |

**2.3. Урбанистички проекти**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село Кривогаштани на КП бр. 3154, КП бр.3156/3 9 КП бр.7801/2 КО Кривогаштани (се пренесува од 2023 г.) | Финансирање од страна на барател |
| 2 | УП за разработка на формирана ГП за Д1-Парковско зеленило на дел од КП бр.1554 КО Крушеани, согласно УП за с.Крушеани Општина Кривогаштани (се пренесува од 2023 г.) | Финансирање од страна на општината |
| 3 | Изработка на Проект за инфраструктура за локален пат од населено место Славеј до село Заполжани во должина од 1000 метри(се пренесува од 2023 г.) | Финансирање од страна на општината |
| 4 | Изработка на Проект за инфраструктура за изградба на доводен цевковод од РВС Студенчица со приклучок кај с.Бело Поле до транспортен цевковод за Кривогаштани (Бунарско поле с.Славеј)-Општина Кривогаштани (се пренесува од 2023 г.) | Финансирање од страна на општината |
| 5 | Изработка на Урбанистички Проект вон Урбанистички план за изградба на селски и пристапни улици, населено место Славеј (се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| 6 | Урбанистички проект за инфраструктура(во и вон опфат на | Финансирање од страна |

| | | |
|---|---|---|
| | рбанистички план)-за изградба на среднонапонски подземен кабелски (10/20kv) вод (од ГП 1-од ЛУПД за изградба на Фотоволтаична централа, до ПРИКЛУЧНА ТОЧКА А3-столб пред ТС Врбјани), КО Врбјани, општина Кривогаштани (се пренесува од 2023 г.) | на барател |
| **7** | Изработка на Урбанистички Проект за разработување на Урбанистички план на дел од Блок 6, село Кривогаштани (се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **8** | Изработка на Урбанистички Проект за инфраструктура за изградба на Пристапна улица, населено место Бела Црква (се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **9** | Изработка на Проект за инфраструктура за локален пат од населено место Славеј до село Боротино во должина од 5000 метри(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **10** | Изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на потисен цевовод од пумпна станица с.Славеј до Кривогаштани(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **11** | Изработка на Проект за инфраструктура за регулација на речно корито во населено место Кривогаштани(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **12** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), не дел од КП 2071/7, КО Врбјани, општина Кривогаштани, така што ја опфаќа западната половина на наведената катастарска парцела (се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на барател |
| **13** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), не дел од КП 2071/7, КО Врбјани, општина Кривогаштани, така што ја опфаќа источната половина на наведената катастарска парцела(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на барател |
| **14** | Изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на селски пат до манастирот, населено место Обршани-(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **15** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.А(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 74 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **16** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Б(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на | Финансирање од страна на општината |

| | | |
|---|---|---|
| | земјиште), на дел од КП 74 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | |
| **17** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.В(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **18** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Г (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **19** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Д(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **20** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Ѓ(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **21** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Е(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштан(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **22** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Ж(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **23** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.З(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 557 КО Обршани, општина Кривогаштани.(се пренесува од 2023г.) | Финансирање од страна на општината |
| **24** | Изработка на Урбанистички Проект за инфраструктура за изградба на улица во населено место Обршани | Финансирање од страна на општината |
| **25** | Изработка на Урбанистички Проект за инфраструктура за изградба на улица во населено место Пашино Рувци | Финансирање од страна на општината |

Оваа Програма по потреба може да се дополнува, доколку постои потреба и интерес за изработување на урбанистички проекти и урбанистичко-проектна документација од страна на

правни и физички, а и од страна на општината, по претходна согласност од Советот на општина Кривогаштани.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1113/6
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавна чистота во општина Кривогаштани за 2024 година**

1. Се прогласува Годишната програма за вршење на работите на одржување на јавна чистота во општина Кривогаштани за 2024 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавна чистота во општина Кривогаштани за 2024 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/6
13.12.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2024 ГОДИНА
**Ноември, 2023 година**

**ВОВЕД**

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимските услови се дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отвирените простори на јавни објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Јавни површини и отворени простори на јавни објекти на кои ќе се врши одржување на јавната чистота се: улици, тротоари, плоштади, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, паркови, улични тревници, улични одводни канали, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комунална инфраструктура, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти, и отворени простори околу други јавни објекти.

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавното комунално претпријатие ЈП "Пелагонија" - Кривогаштани основано од општината.

Цената на услугите кои ги дава ЈП Пелагонија - Кривогаштани се дел од оваа програма.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат отпадот од истите.

**1. Собирањето на отпад**

Собирањето на отпад опфаќа: отстранување на создадениот отпад од одржувањето на јавни површини и објектите и сместување во садови за отпад.

Потеклото и видот на отпадот на јавните површини зависи од :

- Густина на населението
- Општински сообраќај
- Станбениот простор
- Начинот на исхрана
- Културата и другите навики на жителите.

Отпадот од јавните површини е од различно потекло и се состои воглавно од:

**1.1 Нормален секојдневен отпад** - отпадоци во кои се вбројуваат:

- Отпадоци кои се создаваат во просториите каде се живее или работи,
- Отпадоци од храна, амбалажа, употребена хартија, разни метални, стаклени и пластични садови, стари алишта и сл.
- Обичен уличен смет: кутии од цигари, кибрити, одпушоци, мастики, амбалажи, хартија и сл.
- Отпадоци кои се јавуваат при транспорт со возила (кај собирање на куќен смет, разнесување на градежен материјал, земјоделско ѓубре, сено, отпад, намирници и друго при утовар и растовар на разна врста на сторка.
- При интезивни врнежи на дожд се врши преносно загадување на јавните сообрајќајни површини од разни наноси (песок, земја, лисја и др.).

**1.2 Сезонски отпад** - кој се појавува на јавните површини обично само еднаш годишно. Тоа е последица на климатските промени и претставува извесна опасност за сигурноста на сообрајќајот и здравјето на луѓето. Сезонскиот смет има две врсти и тоа:

- Лисјата од дрвата кои паѓаат на јавните и сообраќајните површини. Оваа појава ја има на есен и претставува опасност за безбедноста во сообрајќајот и движењето на

луѓето. Исто така од лисјата може да дојде до затнување на отворените канали за истекување на атмосферските води.

- Песок и ситен камен (кој служи во зимскиот период за посипување на јавните сообраќајни површини заради намалување на лизгањето на возилата).

Собирањето на комунален отпад од страна на јавното комунално претпријатие е организирано во населените места Кривогаштани, Крушеани, Врбјани и Славеј каде отпадот се собира во канти и контејнери како и во населените места Кореница, Годивле, Подвис, Обршани, Боротино и Воѓани со контејнери со запремина од 1,1м3.

Во текот на 2024 година се планира подобрување на обемот на изнесување на отпад во сите населените места со поставување на соодветен број на контејнери со запремина од 1,1м3 по улиците во населените места како и со поединечни канти за смет од 110л. Исто така во текот на 2024 година ќе се започне со постапка за селекција на отпадот во населените места ОпштинаКривогаштани.

Локацијата на контејнерите ќе биде одредена од страна на ЈП Пелагонија Кривогаштани во консултација со одделението за комунални работи и ЛЕР.

Комунален отпад сеуште ќе се одлага како и досега во во постоечките канти за отпад како и во поставените метални и пластични контејнери со запремина од 1,1$м^3$ кои се поставени на јавни површини во населените места.

ЈП Пелагонија ќе склучи договор со соодветна фирма за превземање на селектираниот отпад.

## 2.ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Ако се земат во предвид годишните времиња постојат две сезони за чистење на јавните и сообрајќајните површини:

- **Зимско чистење на улици:** кое осигурува и несметан сообрајќај на возила и пешаци, кај снежни врнежи и голомразици со чистење и одклонување на снеготи и посипување на улиците со сол и песок.
- **Летно чистење на улиците** се обавува на два начина:
  - Суво чистење на јавните и сообрајќајните површини
  - Водено чистење на јавните и сообрајќајните површини

За утврдување на потребен број на работници за чистење на јавните и сообрајќајните површини се користени Прирачници за нормирање и утврдување на обемот на работите и работните задачи за чистење на јавните сообрајќајни површини.

## 2.1.СУВО ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ И СООБРАЈЌАЈНИТЕ ПОВРШИНИ

Ова чистење ја исклучува употребата на вода и може да се применува за чистење на сите јавни и сообрајќани површини.

Работникот кој обавува чистење на јавните површини снабден е со количка, лопата и метла. Чистењето го обавува така што сметот го собира на купчиња а потоа со лопата и со метла го утовара во количка, која одкако ќе се наполни ја носи во јавни канти за смет од каде се изнесува со трактор со приколка.

Чистењето на јавните и сообраќајните површини се врши два пати месечно на следните улици:

| Ред. Бр. | Улица | $m^1$ | $m^2$ - асфалт |
|---|---|---|---|
| 1. | „Фипип Втори„ Кривогаштани | 1.800,00 | 10.800,00 |
| 2. | „Македонски Просветители"„ по регионален пат Р2335 Кривогаштани | 1050,00 | 5.250,00 |
| 3. | „Браќа Моцаноски„ по регионален пат Р2335 Кривогаштани | 800,00 | 4.000,00 |
| 4 | „Илинденска„ Славеј | 600 | 2.000,00 |
| 5 | „Пелагониска„ Врбјани | 500 | 1.500,00 |
| 6 | „Архиепископ Доситеј„ Крушеани | 1000 | 4.000,00 |
| 7 | „Капетан Игор Ѓорески„ Обршани | 700 | 3.500,00 |
| 8 | „Стибера„Обршани | 800 | 4.000,00 |
| 9 | Боротино | 500 | 2.000,00 |
| 10 | Пашино Рувци | 500 | 1500,00 |

**ВКУПНО: 7.650,00$m^1$ 38.550,00$m^2$**

**Цена на суво чистење: 0.40 ден/$м^2$**

38.550,00 $м^2$x0.40 ден/$м^2$=15.420,00 ден. за едно чистење

**8 месеци x 15.420.00ден. x 2 = 249.920,00 денари**

---

**Вкупно: 246.720,00 ден/годишно**

**2.2. МИЕЊЕ НА УЛИЦИ**

Миењето на улици ја вклучува употребата на вода и е најквалитетно и треба да биде основен начин за летното чистење на јавните собраќајни површини. Бидејќи ЈП "Пелагонија" не поседува потребно возило-автоцистерна за вршење на оваа услуга- миење на јавните сообраќајни површини не е вклучено во оваа програма.

Повремено миење на улици ќе се врши со помош на возилото на ПП единицата од Кривогаштани.

**3. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ**

Чистењето ќе се врши по потреба со трактор со снежен нож и соларка и со багер со преден нож.

Чистењето на снегот на улиците: „Македонски Просветители„Филип Втори„ и „Браќа Моцаноски„Во Кривогаштани како и главните улици низ с. Боротино, Обршани, Бела Црква, Воѓани и Крушеани кои истовремено претставуваат дел од регионалниот патишта Р2335, Р2339 и Р1306 ќе го врши ЈП Македонија Пат, која е надлежна за одржување на коловозот.

Чистење на снегот во од страна на ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани ќе ги опфати следниве асфалтирани улици во населените места во општината:

**Асфалтирани улици:**

**Кривогаштани**

1. "Македонски Просветители" со должина =1800 $м^1$
2. "Австриска" =700 $м^1$
3. "Гоце Делчев" =700 $м^1$
4. "Илинденска" =500 $м^1$
5. "Браќа Моцаноски"=1000 $м^1$

6. Улица Никола Карев : 400м
7. Улица с. Крушеани = 1500м
8. Улица с.Обршани = 1200м
9. Улица с.Бела Црква = 1200м
10. Улица с.Пашино Рувци = 2000м
11. Улица с.Врбјани = 1200м
12. Улица .Славеј = 1600м
13. Улица Воѓани =1300m
14. Улица Боротино =1000м
15. Улица Кореница : 400м
16. Улица Годивле: 1000м

**Вкупно: 17.500м[1]**

**Цена за чистење на снег на улици со снежен плуг изнесува од 1км= 1.800,00 ден(со вклучен ДДВ), и рачно чистење на јавна површина пред општинска зграда и тротоари по м$^2$ површина= 10,0 денари/ м$^2$ (со вклучен ДДВ).**

**Пресметка:**

Вкупна цена за чистење на снег со снежен плуг на улици во Општина Кривогаштани изнесува :
17.50км x 1.800,00 денари = 31.500,00 денари за едно чистење.
Претпоставено 3 чистења x 31.500,00 ден. = 94.500,00 ден/годишно
Вкупно за машинско чистење на снег по улици = 94.500,00 денари/годишно
Рачно чистење: 1000м$^2$ x 10 x 3 =30.000,00 денари
Набавка на ризла 2-5мм и посипување на улици: 30м$^3$ x 2000 = 60.000 денари

---

**Вкупно за чистење на снег: 184.500,00 денари**

Во зимски услови при снежни врнежи ЈП Пелагонија е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

**-Во случај кога ЈП „Македонија Пат„ од било кои причини не е во можност да ги исчисти од снег деловите од регионалните патишта кои во исто време претставуваат улици, ЈП Пелагонија ќе изврши чистење на снегот по претходно добиен налог од општина Кривогаштани, по погоре утврдената цена. Финансиските средства за таа намена ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Кривогаштани.**

**4.ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЧНИ КОРИТА И КАНАЛИ**

Во урбаниот опфат на Кривогаштани има две речни корита со вкупната должина изнесува 2400м. Едното речно корито е зацевено и покриено во должина од околу 250м. За одржување на хигиената на двете речни корита во Кривогаштани потребни се двајца работници и чистењето да биде 3 пати во годината, со исклучок на зимскиот период.

Исто така во градежниот опфат на Кривогаштани и останатите населени места во општина Кривогаштани има околу 30.000м отворени канали за истекување на атмосферските води. Планирано е два пати во годината да се изврши прочистување на каналите од отпад и растенија и да се овозможи истекување на атмосферските води.

**Цена на рачно чистење на речни корита: 1000 ден /работник/ден (со вклучен ДДВ)**

**Цена на машинско чистење на речни корита: 1800 ден /час (со вклучен ДДВ)**

**Пресметка:**

1.Чистење на речни корита од смет

2 Раб. х 3 дена х 1000,00 х 2 = 12.000,00 ден.

2. Изнесување на наносен материјал и шут од речни корита
   годишно..........паушал............................ =10.000,00 ден.
3. Чистење на отворени канали и изнесување на вишок на материјал
   - рачно чистење: 2 раб. х 30дена х 1000,00 х 2 =120.000,00 ден.
   - машинско чистење: 50 часа х 1800 х 2= 180.000 денари

**Вкупно: 322.000,00 ден**

**5. СОБИРАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ДО ОДРЕДЕНИ ДЕПОНИИ (ЈАМИ)**

Цена на поединечно собирање и транспортирање на угинати кучиња и други животни:
по 500,00 ден/парче (Со вклучен ДДВ)

**Претпоставено: 10 х 500 = 5.000,00 ден/годишно**

**6. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО**

Јавното зеленило во Кривогаштани и с. Обршани опфаќа:
- паркови и јавни зелени површини со површина од 4000 $м^2$

Потребни средства за одржување на јавното зеленило се следните:
Цена на одржување на јавно зеленило:
-Полевање на тревник:1,30ден/м2
-Косење на тревник: 1,50ден/м2
-Гриблање и чистење на листови: 1,69 ден/м2
-Копање на цветни зони: 1,69 ден/м2

**ПРЕСМЕТКА**

**6.1.ПАРКОВИ**

Полевање на тревник
4000 $м^2$ х 1,30 х 6 повторувања = 31.200 ден.
2.Косење на тревник
4000 $м^2$ х 1,50 х 5 повторувања = 30.000,00 ден.
3.Гриблање и чистење на листови
3300 $м^2$ х 1,69 х 2 повторувања = 11.154,00 ден.
4.Копање на цветни зони
200 $м^2$ х 16,69 х 2 повторувања = 6.676,00 ден

**Вкупно = 79.030,00 ден./годишно**

**6.2.ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ: (косење, гриблање, чистење и изнесување ) :**

10000 $м^2$ х 1.50 х 5 =**75.000,00 ден./год**

**Вкупно за чистење на зеленило: 154.030,00 ден/годишно**

**7. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ**

Согласно обврските на општините, предвидени во членот 12 став 2 од Законот за јавна чистота, Општина Кривогаштани изгради јавни тоалети на локација на зелениот пазар во Кривогаштани.

Цена за одржување на јавните тоалети: 100 ден/ден

**Пресметка: 100ден. х 365 = 36.500,00 ден.**

Санитарни јазли се предвидува да се изградат и во други населени места за што потребно е обезбедување на локации и изградба на јавни санитарни јазли, за што потребно е да се изработи техничка документација.

Потребните финанскиски средства за изградба на санитарните јазли ќе бидат утврдени по изработката на предмер и пресметка при припремата на техничката документација.

**8. Украсување на јавни места**

Поставување на светлечки украси за новогодишни празници на јавни места во општина Кривогаштани------------паушал 50.000 денари

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

1. Чистење на јавни сообраќајни површини ............246.720,00
2. Чистење на снег ............................................ 184.500,00
3. Одржување на речни корита .................................322.000,00
4.Собирање и однесување на угинати
Животни до одредени јами ............................................5.000,00
5. Одржување на јавно зеленило ................................154.030,00
6.Обезбедување на јавни санитарни јасли------------- 36.500,00
7.Украсување на јавни места---------------------------------50.000,00

---

**Се вкупно: 5.907.520,00 ден**

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Потребните средства за финансирање на работите предвидени во Програмата ќе бидат обезбедени од:

| Ред.број | Извор на финансирање | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1 | Од корисници на услуги:<br>-домаќинства: 1600дом.х25,00ден.х12мес.<br>-правни лица: 60.х60,00ден х12мес. | <br>480.000,00<br>43.200,00 |
| 2 | Буџет на ЕЛС | 475.550,00 |
| | **Вкупно:** | **998.750,00** |

Бр.08-1113/7
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлуката за формирање на Општински Совет за превенција на детско претстапништво**

1. Се прогласува Одлуката за формирање на Општински Совет за превенција на детско претстапништво што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Одлуката за формирање на Општински Совет за превенција на детско претстапништво ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/7<br>13.12.2023 година<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

---

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда на децата ("Службен весник на РМ" бр.148/13, 152/19, 275/19), член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002) и член 17 став 1 алинеја 43 од Статутот на општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на ден 13.12.2023 година

## О Д Л У К А

**за формирање на Општински Совет за превенција на детско претстапништво**

Член 1

Со оваа одлука се формира Општински Совет за превенција на детското претстапништво во Општина Кривогаштани, кој развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското претстапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Член 2

Советот од член 1 е составен од три члена:

- Садетин Рустемоски - МВР - Полициско одделение Кривогаштани

- Јасмина Мицакоска - Совет на родители од ООУ "Јонче Смугрески" Обршани
- Маријана Папучкоска – Совет на родители од ООУ "Манчу Матак" Кривогаштани

Член 3

Членовите на Општинскиот совет за превенција на детското претстапништво се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-1113/8
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлуката за формирање на Советот за заштита на потрошувачи во општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за формирање на Советот за заштита на потрошувачи во општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Одлуката за формирање на Советот за заштита на потрошувачи во општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани

Бр.09-1142/8
13.12.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 175 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РСМ„ бр.236/22), член 56 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 51, 52, 53 од Статутот на Општина Кривогаштани („Сл. Гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11; 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 г. донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на Советот за заштита на потрошувачи во општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Советот за заштита на потрошувачи во општина Кривогаштани кој се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштитата на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права, предлага преземање соодветни мерки за заштита на здравјето, безбедноста и економските интереси на потрошувачите до Министерството за економија, ја оценува состојбата на пазарот во поглед на степенот на заштитата на потрошувачите и води посебна грижа за заштита на потрошувачите кои се малолетници, стари и изнемоштени лица, социјално загрозените лица, неписмени, емигранти и лицата чии живеалишта се наоѓаат во тешко пристапни предели.

Член 2

Советот од член 1 е составен од 7 (седум) членови, од редовите на советниците, здруженијата за заштита на правата на потрошувачите и од други здруженија на граѓани, стопанските комори, јавните претпријатија со седиште на територијата на општината и органите за надзор на пазарот кои вршат инспекциски надзор во областа на заштита на потрошувачите.

Член 3

За членови на Советот за заштита на потрошувачите во општина Кривогаштани се именуваат:

-Валентина Ѓореска-член на Совет на општина Кривогаштани
-Виктор Деспотоски-член на Совет на општина Кривогаштани
-Менде Станојоски-член на Совет на општина Кривогаштани
-Елеонора Ујгуноска-член на Совет на општина Кривогаштани
-Стеве Јанчески-здружение на граѓани,,Урбано гнездо,, Кривогаштани
-Милорад Здравкоски-директор на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани
-Методија Мицаноски-здружение на пензионери Кривогаштани

Член 4

Мандатот на членовите на Советот за заштита на потрошувачи е за период од 4 години со право на повторен избор.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-1113/9
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Агенција за вработување на Република Северна Македонија**

1. Се прогласува Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Агенција за вработување на Република Северна Македонија што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Агенција за вработување на Република Северна Македонија ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/9<br>13.12.2023 година<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 66 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), чл.17 став 1 точка 32 и чл. 108 став 1 и 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (Сл. гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Агенција за вработување на Република Северна Македонија**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се даде на користење недвижен имот - административен простор кој се наоѓа во општинската зграда на КП бр.7657 КО Кривогаштани ИЛ бр.2081 во сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 од оваа Одлука ќе се даде на користење на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, без надомест, за временски период од 4 години, со обврска за плаќање на надоместокот за електрична енергија, водовод и канализација од страна на корисникот на просторот.

Член 3

Недвижниот имот-административен простор ќе се користи за прием, администрирање и обработка на барањата за остварување на права од здравствена заштита поднесени од граѓаните кои имаат живеалиште на територијата на општина Кривогаштани, за што ќе се склучи договор во кој детално ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1113/10
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет на
општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

1. Се прогласува Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2.Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/10
13.12.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 66 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/02), чл.17 став1 точка 32 и чл. 108 став 1 и 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (Сл. гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23),Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се даде на користење недвижен имот - административен простор кој се наоѓа во приземниот дел на општинската зграда на КП бр.7657 КО Кривогаштани ИЛ бр.2081 во површина од 16 м2, сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 од оваа Одлука ќе се даде на користење на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, без надомест, за временски период од 4 години, со обврска за плаќање на надоместокот за електрична енергија, водовод и канализација од страна на корисникот на просторот.

Член 4

Недвижниот имот-административен простор ќе се користи за извршување на работи и работни задачи од надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за потребите на граѓаните кои имаат живеалиште на територијата на општина Кривогаштани, за што ќе се склучи договор во кој детално ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1113/11 Претседател на Совет
13.12.2023 година на општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

1. Се прогласува Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/11
13.12.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 66 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/02), чл.17 став1 точка 32 и чл. 108 став 1 и 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (Сл. гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се даде на користење недвижен имот - административен простор кој се наоѓа во општинската зграда на КП бр.7657 КО Кривогаштани ИЛ бр.2081 во сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 од оваа Одлука ќе се даде на користење на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, без надомест, за временски период од 4 години, со обврска за плаќање на надоместокот за електрична енергија, водовод и канализација од страна на корисникот на просторот.

Член 3

Недвижниот имот-административен простор ќе се користи за прием, администрирање и обработка на барањата за остварување на права од здравствена заштита поднесени од граѓаните кои имаат живеалиште на територијата на Општина Кривогаштани, за што ќе се склучи договор во кој детално ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1113/12<br>13.12.2023 година<br>Кривогаштани

Претседател на Совет<br>на општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Годишна Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година**

1. Се прогласува Годишната Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Годишната Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/12<br>13.12.2023 година<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

Врз основа на член 7 од Законот за култура (“Службен весник на Република Македонија” бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 година донесе:

# Годишна Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година

## 1. Вовед

Со оваа програма за култура, Општина Кривогаштани како локална самоуправа го остварува своето право и надлежност дадени со Законот за култура и за поддршка, организирање и реализација на содржини и манифестации од културата кои се од интерес на локалната заедница. Програмата е во функција на подобро планирање и остварување на локалниот интерес во културата за 2024 година во смисла на институционална и финансиска поддршка на културни проекти, негување на фолклорот и обичаите, организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни форми на творештво.

Програмата ги определува стратешките приоритети на Локалната самоуправа преку поддршка во сите облици на остварувањето на културата на локално ниво.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

Организацијата и реализацијата на културните настани и сите активности во програмата ќе придонесат во изградбата на моделот на културно живеење, планирањето на развојот во културните области, подобро остварување на културното создавање и дистрибуција на културните вредности и културната соработка, како неопходност во афирмацијата на културните вредности од општината во другите средини и обратно.

## 2.Визија на Годишната програма за култура за 2024 година

Основна цел на Програмата е да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето

поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:
-квалитетен културен живот на ниво на општината со обезбедување на богата, разновидна програма за сите возрасти;
- афирмација на материјалното, духовното и културното наследство;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
-континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;
-презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
-развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни изведби;
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори;

**3. Конкретни цели и активности**

Активност 1: Организирање на традиционален маскенбал по повод верскиот празник Прочка под наслов “Прочкарка смеа за секого”

Носители: Општина Кривогаштани, ООУ “Манчу Матак” и ООУ “Јонче Смугрески”

Рокови: Март 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 60 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 2: Организирање традиционална манифестација под наслов “Македонска народна песна-пејачи аматери”

Носители: Општина Кривогаштани, Граѓански организации

Рокови: Јули 2024 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 60 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 3: Одбележување на празникот “Илинден 2-ри Август”

Носители: Општина Кривогаштани

Рокови: Август 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 4: Организирање настан “Фестивал на пиперката”-промовирање на земјоделски производи

Носители: Општина Кривогаштани, граѓански организации, локални фирми

Рокови: Август-Октомври 2024 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 200 000,00

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 6: Одбележување на празникот “11 Октомври”

Носители: Општина Кривогаштани

Рокови: Октомври 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

Индикатори:Општина Кривогаштани

Активност 7: Организирање на театарска престава за деца

Носители: Општина Кривогаштани, “ООУ Јонче Смугрески” и “ООУ Манчу Матак”

Рокови: Ноември 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 20 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 8: Промовирање на археолошко наоѓалиште “Врбјанска чука”

Носители: Општина Кривогаштани, Граѓански организации и Завод за заштита на спомениците од културата-Прилеп

Рокови: Август 2024 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

Индикатори: општина Кривогаштани

**4. Буџет:**

| | |
|---|---|
| Активност 1 | 60.000,00 |
| Активност 2 | 60.000,00 |
| Активност 3 | 10.000,00 |
| Активност 4 | 200.000,00 |

| | |
|---|---|
| Активност 5 | 10.000,00 |
| Активност 6 | 20.000,00 |
| Активност 7 | 10.000,00 |
| Вкупно буџет | 370.000,00 денари |

## 5. Мониторинг и евалуација

За успешна имплементација на Годишната програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година, потребно е да се спроведе мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на Годишната програма и нејзино влијание на граѓаните во Општина Кривогаштани. Основните методи и субјекти кои ќе вршат и ќе бидат искористени во мониторингот и евалуацијата се: Комисијата за општествени дејности во Советот на Општина Кривогаштани и Градоначалникот на општина Кривогаштани кои ќе го следат текот и динамиката на спроведувањето на Годишната програма за култура за 2024 година и ќе даваат свои оцени како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

Бр.08-1113/13
13.12.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет на
општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Годишен план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година во општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Годишниот план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година во општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 13.12.2023 година.

2. Годишниот план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година во Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1142/13
13.12.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12; 30/13; 166/14; 150/15 и 201/15), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.06.2023 година донесе:

# Годишен план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година во Општина Кривогаштани

## 1. Вовед

Рамноправноста помеѓу родовите е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија која се заснова на целосно признавање и промовирање на еднаквите можности на жените и мажите, како неизоставен предуслов за одржлив развој, уживање на човековите права и практикување на демократските вредности.

Законот за еднакви можности на жените и мажите има за цел да го промовира концептот на еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на општествениот живот како процес на отстранување на пречките за воспоставување и остварување рамноправност меѓу жените и мажите. Со овој Закон изречно се забранува дискриминацијата како „секое разликување, искористување или ограничување врз основа на пол што го загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на човековите права и слободи" како во јавниот така и во приватниот сектор, и тоа во областите на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата и спортот.

Отсуството на дискриминација, како директна, така и индиректна, согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените обезбедува „еднаков третман" меѓу

половите. „Воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој“ согласно законот, значи обезбедување „еднакви можности за мажите и жените“.

Општина Кривогаштани во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите имаат за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените и мажите на локално ниво  и да ги реализираат стратешките цели на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Исто така главната задача на Општина Кривогаштани и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е да работат на унапредување и обезбедување еднакви можности на жените и мажите на локално ниво преку процес на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.

## 2. Визија на годишниот план за еднакви можности на жените и мажите и стратешки цели

### 2.1 Управување со човечки ресурси

Развојот на капцитетите на човечките ресурси на локалната администрација и на членовите на Комисијата за родова еднаквост е неопходност заради вметнување на родовата компонента во сите локални политики. Преку реализирање на едукативни работилници, обуки, семинари би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси во општината и членовите на комисијата и би се подигнала свеста за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот, а посебно во процесите на одлучување. Една од можностите за напредок е да се соработува со Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Северна Македонија и да се соработува со координаторите и комисиите за еднакви можности од другите општини поддржуваќи добри примери и практитки од општините и комисиите кои покажале извесен напредок по одредено прашање општина со општина.

Потребно е континуирано е да се работи на унапредувањето на човековите права на родовата еднаквост, особено преку спроведување на кампањи и многубројни активности, насочени кон подигнување на свеста и знаењето на јавноста за дискриминацијата по основа на пол, со цел воспоставување на општество на еднакви можности и отстранување на сите облици на дискриминација.Тоа вклучува преземање на мерки за запознавање на

јавноста со Законот за еднакви можности и другото антидискриминаторско законодавство, како и спроведување на специфични активности насочени кон унапредување на општествената положба на жените припаднички на одредени ранливи групи.

### 2.2 Родово одговорно образование

Сметаќи дека образованието е најчесто проактивно во поглед на намалувањето на влијанието на женската стереотипизација која доаѓа и од домот, но и од останатото опкружување, потребна е промена на перцепцијата на родовиот идентитет. Тој е долготраен и макотрпен процес, но може да се промени само и единствено со промена на општествено поимање и разноразни обуки и предавања кој ќе бидат наменети и ќе се занимаваат со родовите разлики и нивно надминување, а тоа мора да започне од училишните клупи.

### 2.3 Вклучување на родовата перспектива во програмите, стратегиите и останатите акти и документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Кривогаштани

Вклучувањето на родовата перспектива во законите, политиките и програмите е важен концепт кога станува збор за еднаквите можности на жените и мажите. Тоа подразбира детектирање на областите каде што недостасуваат одредби од родов аспект во одлуките, заклучоците, програмите, плановите, со кои би се унапредила родовата рамноправност и би се воспоставиле еднаквите можности на жените и мажите. Ова значи Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на Општина Кривогаштани да биде централно тело на локално ниво со надлежности во однос на воспоставувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите. Другите комисии на Советот на Општина Кривогаштани потребно е да бараат мислење од оваа Комисија за материјалите кои ги уредуваат или обработуваат прашања од значење за остварувањето на принципот на еднакви можности пред да ги достават до Советот на Општина Кривогаштани на разгледување, утврдување, односно донесување.

## 3. Оперативен план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 г.

### 3.1 Конкретни цели и активности

| Ред бр. | Активности | Време на реализација | Одговорни институции | Индикатори | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Организирање на трибини/едукативни предавања за подигање на свеста, информирање на граѓаните за препрознавање и навремено пријавување на родово базирано насилство и родова дискриминација. | Тековно 2024 | -КЕМ<br>-Граѓански организации<br>-МТСП | -Број на присутни учесници на настаните | 10 000,00 |
| 2. | Организирање обуки за заштита од користење на социјалните мрежи, спречување на врсничко насилство и сајбер насилство кај женските и машките деца. | Тековно 2024 | -граѓански орагнизации<br>-општина Кривогаштани<br>-основни училишта – "Манчу Матак" и "Јонче Смугрески" | Запознавање на децата со можните последици и изложеноста на ризик со користење на социјалните мрежи. | 20 000,00 |
| 3. | Организирање кампања за подигање на свеста кај граѓаните за редовна здравствена заштита за рано откривање на малигни заболувања кај жените и мажите (рак на дојка, рак на грло на матка, рак на простата, рак на бели дробови, рак на дебело црево, остеопороза и др.) | Тековно 2024 | -Граѓански организации<br>-Општина Кривогаштани<br>-Здравствен дом- Прилеп<br>-Завод за здравствена заштита-Прилеп | -Број на присутни учесници на настанот. | 10 000,00 |
| 4. | Организирање едукација/обука на женски и машки земјоделци за искористување на мерките за финасиска поддршка и самовработување. | Тековно 2024 | -Граѓански организации<br>-Општина Кривогаштани<br>-Агенција за финасиска поддршка<br>-МЗШВ | -Број на присутни ученици на настанот. | 10 000,00 |
| 5. | Вкупно буџет | | | | 50 000,00 |

Имплементацијата на овој годишен план значи активна улога на клучните субјекти - Комисијата за еднакви можности, координаторот за еднакви можности, граѓанските организации и општинските основни училишта во општина Кривогаштани во остварување на политиките за родова еднаквост, креирање, поддржување и реализирање на конкретни мерки и активности со цел подобрување на состојбата со родовата еднаквост на подрачјето на општина Кривогаштани.

## 4. Мониторинг и евалуација

За успешна имплементација на Годишниот план за еднакви можности на жените и мажите во општина Кривогаштани за 2024 година, потребно е да се спроведе мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на годишниот план и неговото влијание на еднаквите можности на жените и мажите во општина Кривогаштани. Основните методи и субјекти кои ќе вршат и ќе бидат искористени во мониторингот и евалуацијата се: Комисијата за еднакви можности во Советот на Општина Кривогаштани, Градоначалникот на општина Кривогаштани и координаторот за еднакви можности кои ќе го следат текот и динамиката на спроведувањето на Годишниот план за 2024 година и ќе даваат свои оцени како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

Бр.08-1113/14<br>13.12.2023 година<br>Кривогаштани

Претседател на Совет<br>на општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**
**на акти донесени на 41-ва седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 13.12.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**


1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 г……………………………………..1
   - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 г……………………………...................................…..1
2. Заклучок за прогласување на Годишна програма за социјална заштита на општина Кривогаштани за 2024 г……………………………………………………………...2
   - Годишна програма за социјална заштита на општина Кривогаштани за 2024.......3
3. Заклучок за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на територијата на општина Кривогаштани за 2024 година.......................................7
4. Заклучок за прогласување на Годишна програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистички проекти на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г……………………………………………………………………………………………7
   -Годишна програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистички проекти на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 г…………8
5. Заклучок за прогласување на Годишна Програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во Општина Кривогаштани за 2024 година,.............12
   -Годишна Програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во Општина Кривогаштани за 2024 година,..................................................................12
6. Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво,………………………………………………………………………19
   Одлука за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво,………………………………………………………………………………………………………19
7. Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на општина Кривогаштани,……………………………………………………………20
   Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на општина Кривогаштани,………………………………………………………………………………………………………21
8. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Агенција за вработување на Република Северна Македонија,………………………………………………………………………………………………22
   -Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Агенција за вработување на Република Северна Македонија,…………………………………………………………………………………………………………22

9. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство……………………………………………………………………………….23
-Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство………………………………………………………………………………………………………24
10. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија..........................................................................25
-Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на општина Кривогаштани на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија………………………………………………………………………………………………........25
11. Заклучок за прогласување на Годишна програма за култура во општина Кривогаштани за 2024 г……………………………………………………………………………………….26
Годишна програма за култура во општина Кривогаштани за 2024 г……………………...27
12. Заклучок за прогласување на Годишен план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година во општина Кривогаштани………………………………………………….30
Годишен план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година во општина Кривогаштани…………………………………………………………………………………...31

ПРИЛОГ: -Програма за уредување на градежно земјиште на територијата на општина Кривогаштани за 2024 година

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**